Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-78/1
16.01 2020 год./viti
Скопје / Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА

# АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЈАНУАРИ, 2020 ГОДИНА**

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД........................................................................................................................3
2. ПРОГРАМА.................................................................................................................4
3. ПЛАН ЗА РАБОТА.....................................................................................................4
4. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕДВИДУВАЊА...........................................................................6
5. ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ..........................................................8

## Годишен план за работа за 2020 година

### 1. ВОВЕД

Годишниот план за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за 2020 е подготвен согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам ( ,,Службен весник на Република Северна Македонија бр. 278/19" )

Планот претставува операционализација на мерките и активнстите содржани во Стратешкиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година кои, во континуитет се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Во првиот дел најпрвин е даден краток преглед на програмата, нејзината цел и поврзаноста со стратешките приоритети на Владата за 2020 година како и со приоритетните цели на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Понатаму, програмата се разработува по конкретни активности за кои се дадени показатели на успешност, временска рамка, финансиски средства и организациски облици, односно лицата задолжени за нивно спроведување.

**Цели и приоритети на АППТ**

- Посветеност - грижа и дејствување за испорака на квалитетна услуга.
- Транспарентност - постапките и резултатите од работењето достапни до јавноста, посебно до засегнатите страни.
- Квалитет - почитување и афирмирање на пишаните стандарди и професионален однос
- Кооперативност - излегуваме во пресрет на секое барање за учество во активностите на партнерските организации и прифаќаме сугестии и соработка од било кого во процесот на спроведување на нашите активности.
- Кредибилитет - нашите институционални одлуки ги донесуваме независно, врз основа на нашата професионалност и расположливите факти и други сознанија.
- Проактивност - во рамките на нашите надлежности ние иницираме мерки и активности за посоодветно пресретнување на согледаните предизвици.

Скопје, Јануари 2020 година

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија

Директор

Љупчо Јаневски

## 2. Програма

### Програма за промоција и поддршка на туризмот

**Цел на Програмата:** Согласно динамиката на раст и развој како и значењето на туристичката индустрија, целта на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот како маркетинг и пазарно ориентирана организација, преку промотивните активности и креирање/поддршка на квалитетни туристички производи, во соработка со туристичкото стопанство придонесува кон поголема конкурентност и препознатливост на Република Северна Македонија како туристичка дестинација. Визијата за тоа каде го гледаме туризмот на Република Северна Македонија, е позиционирање на нашата земја на светската мапа на туристички дестинации преку запознавање на светската јавност со тоа што не прави диверзивни, различни, а е отсликано преку природата, историјата, културата и гастрономијата. Целта е долгорочен одржлив развој на туризмот за инклузивен економски раст во Република Северна Македонија. Одржлив раст и зголемување на бројот на туристи што би придонеле значително за раст на економските активности што се поврзани со туризмот, намалување на сиромаштијата, зачувување на биодиверзитетот и менаџирање на природните ресурси.

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

- Зајакната промоција во поголем број на земји;
- Зајакнување на соработката со туристичкото стопанство;
- Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции;
- Потикнување и промоција на бизнис климата во туристичкиот сектор;
- Поддршка во делот на субвенционирање на туристичкот сектор.

## 3. План за работа

| ***Програмата за промоција и поддршка на туризмот*** |
| --- |
| 1. Годишната програма на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2020г е во согласност со Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020-2022 година, како и во согласност со Стратешкиот план на АППТ за 2020 година. Согласно динамиката на раст и развој како и значењето на туристичката индустрија, мисијата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот како маркетинг и пазарно ориентирана организација, преку промотивните активности и креирање и поддршка на квалитетни туристички производи, во соработка со туристичкото стопанство и локалното население, придонесува кон поголема конкурентност и препознатливост на Република Северна Македонија како туристичка дестинација. |
| 2. НПАА<br><br>Поглавје 20; Сектор: Индустриска политика и инвестиции;<br><br>Тема: Претпријатија и индустриска политика, туризмот како дел од индустриската политика |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>• Зајакната промоција во поголем број на земји;<br>• Зајакнување на соработката со туристичкото стопанство;<br>• Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракции;<br>• Потикнување и промоција на бизнис климата во туристичкиот сектор;<br>• Поддршка во делот на субвенционирање на туристичкот сектор. |

| *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :* | *Показатели за успех на Програмата:* |
|---|---|
| **Резултат 1: Зајакната промоција во поголем број на земји;** | **Показател за успешност:** Зголемена промоција на повеќе целни пазари (учество на саеми), зголемување на бројот на коегзибитори на саемите, зголемување на бројот на остварени состаноци, подобрување на дизајнот на штандовите. Зголемени маркетинг активности за промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ, како и зголемување на бројот на пребарувања и посети на веб страната на АППТ. Исполнувањето на очекувањата на Агенцијата за туризам за посета на нашата земја од вкупно 1,3 милиони туристи, кои ќе остварат близу 4 милиони ноќевања е еден од главните програмски приоритети. |
| **Резултат 2: Зајакнување на односот со туристичкото стопанство** | **Показател за успешност:** Реално стратешко планирање и креирање на долгорочна програма со јасна мисија за успешна промоција на целни пазари и отварање на можности за раст на туристичката индустрија (реализаија на информативни патувања, B2B, организирање на презентации, учество на конференции, самити,).<br><br>Вмрежување на планирањето е потребно од сите засегнати страни со цел поедноставување на сложените односи, координација во заедничките активности и меѓуинституционална соработка. Ваквиот пристап во планирањето овозможува при релизација на Стратешкиот план да се вклучат импути од трите клучни субјекти за развој на АППТ: засегнатите страни од стопанството, експертите во областа и вработените во АППТ |
| **Резултат3: Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракци** | **Показател за успешност:** Зголемена поддршка во делот на создавање на нови туристички атракци во делот на активен туризам како уредување и промоција на пешачки и велосипедски патеки, алпинистички и спортско качувачки насоки, културните атракции во градовите Охрид, Струга и Скопје, промоција на археологијата и гастрономијата во државата и др. АППТ во 2020 година ќе ги направи и следните водичи: Водич за алпинизам, Водич за Виа Игнатиа, Арехеолошки Водич и Гастрономски Водич второ издание. |
| **Резултат 4: Потикнување и промоција на бизнис климата во туристичкиот сектор** | **Показател за успешност:** Во функција на зголемување на квалитетот и потикнувањето на туристичката понуда и услуга, а со цел подобрување на бизнос климата во туризмот и угостителството ќе се спроведуваат активности во делот на унапредувањето и промоцијата на Туристичките развојни зони, автокампоивте и обуки за стопанството. АППТ за 2018 и 2019 врши редовна исплата и ажурирање на субвенциите. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 5: Поддршка во делот на субвенционирање на туристичкот сектор** | **Показател за успешност:** Зголемена подршка со кофинансирање на дел од средствата за разни локални, туристички манифестации спрема владиниот и невладиниот сектор, како и во делот на субвенционирањето на организираниот туристички промет во странство. |

## 4. Резултати и Предвидувања:

За успешноста на нашиот тим говорат и спроведените анализи од претходните години каде јасно се гледа покачувањето од 12% на странски туристи и бројот на ноќевања за 15% споредбено со изминатите две години. Порастот во бројот на туристи и ноќевања се одразува и во пораст на девизниот прилив по ставка туризам, каде се регистрира пораст од 16.7% за 2018, во споредба со 2017 година. Вкупниот девизен прилив за првите три квартали од 2019 година изнесува 308,05 милиони долари, што е за 3,03% раст споредбено со 2018 година. Трендот на пораст на девизниот прилив е континуиран и е во линија со очекувањата на АППТ дека тековната година ќе достигне 400 милиони долари девизен прилив од туризам во 2019 година или за 5% повеќе од минатата, 2018 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на туристите во периодот јануари – ноември 2019 година, во однос на истиот период од претходната година, вкупниот број на туристи е зголемен за 5.0 %, и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 1.9 %, а кај странските има зголемување за 6.8 %. Во периодот јануари – ноември 2019 година, во однос на истиот период од претходната година, вкупниот број на ноќевањата е зголемен за 2.6 %, и тоа: бројот на ноќевањата на домашните туристи остана на исто ниво, а кај странските има зголемување за 5.7 %.

Долгорочен и одржлив развој на туризмот е стратегијата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот која се практикува преку промоција на туристичките содржини на земјава во странство и поддршка овозможена преку различни проекти во земајва.Токму овој успех, претставува огромна мотивација за нашиот тим да продолжи посветено и ентузијастички да работи кон континуирано остварување на целите и приоритетите наведени во стратешкиот план, издигнувањето на пиедесталот на конкурентниот светски туристички пазар, а Република Северна Македонија во центарот на туристичката мапа, постојано ќе биде во фокусот на нашата работа. Нашата визија е долгорочен одржлив развој на туризмот за инклузивен економски раст на Република Северна Македонија. Одржлив раст и зголемување на бројот на туристи што би придонеле значително за раст на економските активности поврзани со туризмот, намалување на сиромаштијата, зачувување на биодиверзитетот, менаџирање на природните ресурси, отварање на нови зелени работни места, зајакнување на руралниот туризам, еко туризмот и одржливост на дестинацијата. Храбро чекорејќи кон предизвиците кои ни претстојат, несомнено веруваме дека во иднина Агенцијата ќе прерасне во Национална туристичка организација, а со тоа нашата холистичка перцепција за заземање значајна позиција во мрежата на светски препознатливи туристички дестинации ќе биде поблизу до својата реализација.

Промоцијата на туристичкиот потенцијал и поддршката на туризмот преку различни проекти несомнено помагаат во реализација предвидениот раст за 2020та година кој се очекува да биде од 5% до 7% во бројот на туристи и ноќевања, односно, надмнување на бројката од 1,3 милиони туристи и приближно 4 милиони ноќевања.

Изработиле:

Зоран Николовски

Никола Ѓошев

Сара Трајковска Костовска

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Органозациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| | Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Истанбул, Мадрид, Љубљана, Софија, Белград, Берлин, Загреб, Тирана, Букурешт, Приштина, Сингапур, Римини, Лондон, Варшава, Измир, Дубаи Експо 2020, Скопје и други, како и учество и организација на маѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од обласата на туризмот во странство и во Скопје и други градови, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Македонија | Во месец Јануари предвидени за реализација се саемските манифестации во Мадрид, Љубљана и Истанбул. Во месец Февруари предвидени за реализација се саемските манифестации во Софија и Белград. Во месец Март предвидени за реализација се саемските манифестации во Берлин, Загреб. | Во месец Април предвидени за реализација се саемските манифестации во Тирана. | | Во месец Октомври предвидени за реализација се саемските манифестации во Сингапур, Римини и Приштина. Ноември – Лондон, Варшава и Букурешт. Во месец декември предвиден за реализација е саемот во Измир. | Согласно Буџетот за 2020 се наменуваат 16.250.000,00 денари | Вработените во сектор промоција и поддршка |
| | Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Босна и Херцеговина, Романија, Шведска, Италија, Израел, Турција, Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат: Промотивните кампањи ќе содржат:<br>-Аутдор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами),<br>-Реклами во печатени медиуми,<br>-Електронска промоција,<br>-Промовирање преку блогери и<br>-Промовирање преку влогери | Прв дел на медиумска кампања Март - собирање на понуди | Април – Јули - Прв дел на медиумска кампања е предвиден да се спроведе во овој период. | | Втор дел медиумска кампања<br>• Октомври-Ноември - собирање на понуди<br>• Декември 2020 - Февруари 2021 - Втор дел на медиумска кампања е предвиден да се спроведе во овој период. | Согласно Буџетот за 2020 се наменуваат 13.000.000,00 денари. | Вработените во сектор промоција |
| | Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, бизнис картички и слично) | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира со печатење до крај на Јануари. | | | | се наменуваат 1.000.000,00 денари | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Продукција на видео материјал за Република Северна Македонија како туристичка дестинација и продукција дизајн, изработка, печатење и дистрибуција за нова комплементарна туристичка брошура | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Март. | | | | се наменуваат 600.000,00 денари. | |
| | Изработка на ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, беџови, тефтери и друго) за промотивни туристички цели со цел промоција на Република Северна Македонија како туристичка дестинација | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Февруари. | | | | се наменуваат 1.000.000,00 денари | |
| | Продукција, дизајн, изработка,печатење и дистрибуција на водич за Слободни патувачи | | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Април | | | се наменуваат 600.000,00 денари | |
| | Продукција, дизјан, изработка и печатење на фото брошура | | | | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Октомври | се наменуваат 100.000,00 денари | |
| | Продукција на 360 виртуелни тури за туристички дестинации во Република Северна Македонија | | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Мај | | | се наменуваат 500.000,00 денари | |
| | Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на веб страницата Macedonia-Timeless, како и хостинг поддршка и одржување на веб страницата www.tourismmacedonia.gov mk | | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Мај | | | се наменуваат 450.000,00 денари | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира во месец Јануари | | | | Се наменуваат 500.000,00 денари | |
| | Дореализација на проектот за изработка на „Водич за Виа Егнатиа“, кој ќе содржи податоци, информации, слики и текст за овој значаен римски трговски пат, кој проаѓа и низ нашата држава. Водичот ќе биде изработен и испечатен на македонски, албански и англиски јазик. | Оваа ставка се реализира преку тендер. Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец март. | | | | Се наменуваат 708.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Дореализација на проектот „Означување на локалитетите за спортско качување на Кадина река и Маврово“, проект кој има за цел промоција на спортското качување и активниот туризам во државата, со поставување на ознаки и патокази за полесно пристигнување до локациите, како и нивно дополнително маркирање. | Оваа ставка се реализира преку јавна набавка и е веќе реализирана во првиот квартал. | | | | Се наменуваат 354.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Проект „Уредување на туристички локалитети (природна реткост), Истевнички Кукуље и Попова Шапка “, со цел уредување и промоција на оваа природните реткости во Република Северна Македонија. Проектот ги опфаќа следните активности: поставување на летниковци, маси и клупи на овие туристички атракции. | Оваа ставка се реализира преку тендер кој започнува во месец март. | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец јуни. | | | Се наменуваат 354.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Завршување на втората фаза од проектот „Означување на старите чаршии во Прилеп, Битола, Струга и старото јадро во Охрид". Со овој проект ќе се означат со туристички патокази и знаци старите чаршии и делови од градовите, од туристички аспект и ќе можат да се прочитаат информации за некои позначајни настани и податоци за одредени објекти во истите. | Оваа ставка се реализира преку тендер кој што е во тек. Тендерската постапка треба да се реализира до средината на месец март. | | | | Се наменуваат 708.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Целосно завршување на Проектот „10 планински врвови" - Кораб – Голем Кораб, Шар Планина – Титов Врв, Шар Планина – Љуботен, Стогово – Бабин Срт, Баба – Пелистер, Ниџе – Кајмакчалан, Јакупица – Солунска Глава, Осогово – Царев Врв, Плачковица – Лисец, Беласица - Тромеѓа, проект кој има за цел промоција на авантуристичкиот туризам на овие најпознати врвови во Република Северна Македонија, и тоа со означување на постоечките пешачки патеки до нив, поставување на атракции на врвовите на овие десет планински масиви во државата. | Оваа ставка се реализира преку тендерска постапка која треба да заочне во месец фефруари. | | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец септември. | | Се наменуваат 1.770.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Целосно завршување на Проектот „Поставување на насоки за спортско качување за туристичката атракција Бислимска клисура", со цел развој на рекреативен спортски туризам, преку уредување на нови и санација на постоечки тренинг локации за качување на карпа на оваа природна атракција. | Оваа ставка се реализира преку тендерска постапка која е во тек. | | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец август. | | Се наменуваат 826.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Редизајн на гастрономскиот водич „Вкусовите на Македонија", со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините како и печатење на нови примероци од истиот. | | Оваа ставка се реализира преку тендер кој ќе започне во месец јуни. | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец септември. | | Се наменуваат 944.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проект „Изработка на Археолошки водич“, во соработка со институциите за култура и култрно наследство, ќе се изработи убав и содржаен водич за археологијата во државата, наменет за странската и домашната јавност и тоа на неколку светски јазици, со цел збогатување на културната и туристичката понуда. | | Оваа ставка се реализира преку тендер кој ќе започне во месец април. | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец јули. | | Се наменуваат 826.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Проект „Тумба Маџари“. Со реализација на проектот обележување на ,,Археолошкиот локалитет ТУМБА МАЏАРИ” своевидно ќе се придонесе до забрзан развој на културниот туризам, за кој потенцијалите во државата се навистина значајни. Ќе се надмине проблемот со необележаноста на овој значаен археолошки локалитет од светски рамки и ќе се зголеми посетеноста на странските и домашни туристи кој ќе имаат можност да посетат еден значаен локалитет кој го опишува животот на луѓето пред 8.000 години. | | Оваа ставка се реализира преку тендер кој ќе започне во месец мај. | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец август. | | Се наменуваат 354.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Проект за збогатување на туристичката понуда на езеро Козјак. Во соработка со локалната самоуправа од општина Желино, ќе се изработат видиковци и одморалишта на овој значаен нов туристички потенцијал, и ќе се означат со информативни табли туристичките потенцијали со цел промоција на туризмот и езерото во домашната и светската јавност. | | Оваа ставка се реализира преку тендер кој ќе започне во месец април. | | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец ноември. | Се наменуваат 1.416.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Изработка на водич за спортско качување, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините како и печатење на нови примероци од истиот. | | Оваа ставка се реализира преку тендер кој ќе започне во месец мај. | Тендерската постапка треба да се реализира до крај на месец август. | | Се наменуваат 472.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови. | тековно. | тековно. | тековно. | тековно. | Се наменуваат 600.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони. | тековно. | тековно. | тековно. | тековно. | Се наменуваат 600.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |
| | Аплицирање на евроспки фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и друго. | тековно. | тековно. | тековно. | тековно. | Се наменуваат 826.000,00 денари | Вработените во сектор поддршка. |